Куршумлиска Бања 8ми Декември 3 ноќи





Програма на патување:

1.Ден 05.12.2026 (сабота) СКОПЈЕ – КУРШУМЛИСКА БАЊА
Состанок на групата рано наутро во 05.30ч на паркингот кај спортската сала Борис Трајковски (кај пералните). Поаѓање за Србија во 06.00ч. Патувањето се одвива преку граничниот премин Табановце со кратки паузи за одмор и обавување на царински формалности. Пристигнување во Куршумлиска Бања и сместување во Хотел Планинка 4*. Слободно попладне за одмор и релаксација со користење на СПА содржините на хотелот. Вечера. Ноќевање.

2.Ден 06.12.2026 (недела) КУРШУМЛИСКА БАЊА
Појадок. Ден предвиден за одмор и релаксација со користење на содржините на Велнес центарот на хотелот и индивидуални прошетки долж Бањска Река, во прекрасно зелено опкружување низ бањските паркови. Можност за прошетки долж тн Патеки на здравјето по падините на Копаоник. Вечера. Ноќевање.

3.Ден 07.12.2026 (понеделник) КУРШУМЛИСКА БАЊА
Појадок. Ден предвиден за одмор и релаксација со користење на содржините на Велнес центарот на хотелот и индивидуални прошетки долж Бањска Река, во прекрасно зелено опкружување низ бањските паркови. Вечера. Ноќевање.

4.Ден 08.12.2026 (вторник) КУРШУМЛИСКА БАЊА - СКОПЈЕ
Појадок. Напуштање на собите според хотелското правило. Слободно време за индивидуални активности и прошетки до времето предвидено за заминување. Поаѓање за Македонија околу

пладне. Патувањето се одвива преку граничниот премин Табановце со кратки паузи за одмор и царински формалности. Пристигнување во Скопје во вечерните часови.

ПРОМО цена за комплетна уплата до 30.10.2026 - 259€/16.058ден
Редовна цена на аранжманот 269€/16.678ден
Цени по лице за најмалку 2 лица во соба
Цени изразени во евра за уплата исклучиво во денарска противвредност по курс 1€/62ден

Во цената на аранжманот е вклучено:
- Автобуски превоз на наведената релација.
- Сместување во Хотел Планинка 4* во стандардни соби на база 3 ноќевања
- Исхрана на база полупансион (појадок и вечера на база шведска маса)
- Користење на внатрешни и надворешни базени со термо-минерална вода со температура од 33-35ºC
- Секојдневно користење на содржините од Велнес центарот: сауна, солена соба, парна бања, ледена пештера, топли клупи тепидариум, соба за релаксација
- Користење на сала за забава пинг-понг и билијард, користење фитнес сала, детска игротека
- Туристичка такса

Во цената на аранжманот не е вклучено:
- Патничко и здравствено осигурување.
- Индивидуални трошоци (пијалоци, масажи и останати неспоменати услуги)

Попусти и опционални доплати:
- Дете 2-7 год. во придружба на 2 возрасни на дополнителен кревет бесплатно во хотел плаќа само превоз 35€/2.170ден (на барање).
- Дете 7-12год. во придружба на 2 возрасни на дополнителен кревет плаќа 50% од цената на аранжманот (на барање)
- Доплата за еднокреветна соба 30€/1.860ден (на барање)
- Доплата за одбирање на ред на седење во автобус - 10€/620ден (мин. 2 седишта)

Напомени:
- За патувањето е потребно да поседувате валиден биометриски пасош, најмалку 3 месеци пред истек, или валидна лична карта.
- За реализација на патувањето потребен е минимум од 40 патници.
- За резервација потребна е задолжителна уплата на депозит од најмалку 30% доплата најдоцна до 2 недели пред поаѓање.
- Со потпишување на договорот на патниците им се доделуваат седишта според времето на уплата, доколку одредени патници имаат посебни барања за конкретно седиште истото го доплаќаат во агенција.
- Цените се дадени во евра за уплата исклучиво во денарска противвредност по курс 1€=62мкд.
- Цените се дадени по лице за сместување во двокреветни валидни за најмалку 2 лица во соба.
- Реализацијата на излетите е во зависност од временските услови, организаторот го задржува правото во случај на неповолни временски услови да ги откаже излетите.
- Агенцијата го задржува правото за отказ на аранжманот најдоцна до 7 дена пред поаѓање доколку не е исполнет бројот на пријавени лица предвидени по програмата за ова патување.
- Организаторот го задржува правото за промена на редоследот на активности во програмата, во случај на потреба.
- За ова патување важат Општите Услови за Патување на СКТМ и Терра Травел Скај.